# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ

**МЕЃУ**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**СОЈУЗНОТО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЗДРАВСТВО, НЕГА И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ**

**НА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА**

**ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**

Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Сојузното Министерство за социјална политика, здравство, нега и заштита на потрошувачи на Република Австрија и (во следниот текст: страни),

- заинтересирани за понатамошен развој на добрите односи и поттикнување на билатералната соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Австрија,
- во напорите за придонес на развој на соработката во областа на социјалната работа, унапредување на дијалогот и постигнување напредок во оваа област како и поддршка на интеграцијата на Република Северна Македонија во Европската Унија,

го земаат предвид следното:

**Член 1**

(1) Двете страни ја остваруваат нивната соработка со спроведување на заедничките иницијативи, како што се советување, размена на информации и искуства како и настани, кои посебно ги опфаќаат следните области на делување:

а) Системите за социјална заштита (пензиско осигурување, итн.)

б)Социјална заштита за различни категории на жртви (жртви на војна, криминал и насилство, итн.)

в) Прашања поврзани со социјалната помош

г) Социјална и професионална интеграција на лица со попреченост и други групи на лица во ризик од маргинализација

д) Обезбедување на професионална грижа, долгорочна нега и социјални услуги за различни целни групи

ѓ) Намалување на сиромаштијата, како и социјални политики и мерки за одделни целни групи

(2) Не е исклучена понатамошната ад хок соработка во други области од ресорна надлежност, како и со други Министерства на Република Северна Македонија односно други Сојузни Министерства на Република Австрија.

**Член 2**

Трошоците за спроведување на активностите наведени во член 1 како и за испраќање и учество на експерти (патни трошоци и трошоци за престој) ќе ги сноси секое од надлежните министерства за своите учесници. Во оправдани и исклучителни случаи може во заеднички договор да има отстапки од овој начин на финансирање.

**Член 3**

Овој Меморандум за разбирање се склучува во траење од 5 години. Тој потоа автоматски се продолжува за уште една година, доколку една од страните не го откаже во писмена форма еден месец пред истекот. Меморандумот за разбирање стапува во сила од денот на потпишувањето.

Склучен во Скопје на ден 10.2. 2021 година во четири оригинални примероци на македонски и германски јазик, при што четирите текста се еднакво веродостојни.

**ЗА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Министерка**
**Јагода Шахпаска**

**ЗАСОЈУЗНОТО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЗДРАВСТВО, НЕГА И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА**

**Сојузен министер**
**Рудолф Аншобер**

Wien, 30.3.21